INTERNATIONAL MONETARY FUND
RESIDENT REPRESENTATIVE OFFICE
SKOPJE. MACEDONIA

CABLE ADDRESS
INTERFUND

**Република Македонија – посета на мисија на ММФ во мај 2010 година: Првични наоди**

Скопје, 5 мај 2010 година

Тим на ММФ, предводен од Вес Мекгру, престојуваше во Скопје од 29 април до 5 мај. Целта на посетата беше да се проценат економските и финансиските услови и да се разговара за економските политики со властите. Тимот би сакал да им се заблагодари на македонските власти за нивната гостопримливост и искрени разговори.

Економијата се чини дека заздравува, со раст од околу 2 проценти кој е веројатен во 2010 година. Во меѓувреме, надворешната позиција на Македонија значително се подобри, пришто извозот почна да се зголемува, а увозот сѐуште опаѓа. Дефицитот на тековната сметка е во насока на намалување понатаму во текот на годината, на околу 6 проценти од БДП. Како што враќањето кон позитивен раст на глобалната економија добива на динамика, а глобалните финансиски состојби и понатаму се нормализираат, Македонија очекува поинтензивно заздравување следната година.

Минатата година, забавувањето на економската активност доведе до намалување на приходите и беше потребно владите да го контролираат трошењето со цел да ги остварат своите таргети за фискален дефицит. Приходите се повторно под проектираните нивоа, и ако продолжи овој тренд, може да биде потребно да се изврши дополнително намалување на расходите. Таргетот за фискален дефицит за оваа година се чини соодветен, обезбедувајќи рамнотежа помеѓу потребата за одржување на јавниот долг на ниско ниво и користите од поддршка на побарувачката со цел поттикнување на растот.

Во врска со монетарната политика, Народна банка на Република Македонија започна да спроведува политика на постепено олабавување како одговор на подобрената доверба и зголемувањето на девизните резерви. Доколку надворешната позиција и девизните резерви продолжат со трендот на подобрување, ова ќе обезбеди простор за понатамошно постепено олабавување на монетарната политика.

Банкарскиот систем во Македонија се справи со економските потешкотии добро и останува во солидна кондиција, со високи коефициенти на адекватност на капиталот и на ликвидноста. Како што напредува економското заздравување и се зголемува побарувачката за кредити, македонските банки се добро позиционирани да го поддржат растот преку зголемено кредитирање.

Се заедно, изгледите за натамошно стабилизирање и за постепено враќање на растот се поволни. Меѓутоа, неизвесноста и ризиците во надворешното окружување и понатаму се значителни, како во поглед на растот кај трговските партнери така и во поглед на глобалната финансиска состојба. Ова бара постојана претпазливост на економските политики.

Фондот ја цени својата тесна соработка со македонските власти и е подготвен да ја поддржи Македонија на било кој начин кој е од најголема помош.

---

Internet strain MMF www.imf.org

Kancelarija na Rezidentniot pretstavnik na MMF www.imf.org/skopje